**Известување за концентрација со која Милија Бабовиќ Србија и Маден Јуроп Холдинг, Б.В. Холандија ќе стекнат заедничка контрола над СМ Фешн доо Белград, Србија**

**(предмет бр. 08-94/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 01.06.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која Милија Бабовиќ, државјанин на Република Србија, и Маден Јуроп Холдинг, Б.В., со седиште на Тоувслагер 12, 5253 РК Ниевкујк, Амстердам, Холандија имаат намера да стекнат заедничка контрола директно врз СМ Фешн доо Белград , со седиште на Булевар Михаила Пупина 115Б, Белград, Република Србија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности**

**Милија Бабовиќ** е приватен инвеститор со живеалиште во Република Србија.

Во Северна Македонија, Милија Бабовиќ, индиректно, има едно регистрирано зависно друштво – Друштво за трговија на големо и мало со текстил и текстилни производи ЕУРОФЕШН ТРЕЈД ДОО увоз-ивоз Скопје, друштво организирано во согласност со законите на Северна Македонија, со регистрирано седиште на ул. Никола Кљусев бр.6, кат 7, Скопје, со регистриранатa дејност трговија на мало со облека во специјализирани продавници.

Примарната дејност на **Маден Јуроп Холдинг, Б.В.** е дизјанирање и продажба на производи од различни брендови за различни трговци на мало.

Маден Јуроп Холдинг, Б.В**.** нема регистрирани поврзани друштва во Северна Македонија.

Приоритетна дејност на **СМ Фешн доо Белград е** неспецијализирана трговија на големо.

СМ Фешн доо Белград нема регистрирани поврзани друштва во Северна Македонија.

Подносителот на известувањето смета дека како релевантни пазари за предметната концентрација би можеле да се дефинираат 1) пазар за трговија на мало со облека, обувки и модни додатоци во специјализирани продавници и 2) трговија на мало со облека, обувки и модни додатоци преку пошта и интернет. Точниот географски опсег на пазарот е најмалку национален или поширок од национален, но дефиницијата за релевантниот географски пазар може да се остави отворена.

.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

19.06.2024 година
Скопје